# Клучни пораки за сите лекари што препишуваат лекови

## Што можете да направите

1. Научете ги и применувајте ги сите препораки за употреба на антибиотици и превенција и контрола на инфекции што се релевантни за вашата област на специјализација [експертски консензус].

2. Доколку забележите дека членови на персоналот во болницата или здравствената установа ги прекршуваат упатствата или протоколите, прашајте ги зошто го прават тоа и дајте им насоки за да разберат што прават погрешно [69] [експертски консензус].

3. Следете ги локалните обрасци на антибиотска резистенција во вашиот оддел, вашата болница и во заедницата [31] [експертски консензус].

3. Доколку се двоумите пред да препишете антибиотик, треба [25,26,53,70] [експертски консензус]:

- Да ги проверите локалните, регионалните и националните епидемиолошки податоци;
- Да побарате насоки и совети од поискусен колега или член на тимот за рационална употреба на антибиотици.

4. Осигурете се дека примероците за култура се соодветно земени и испратени во микробиолошката лабораторија, пред да започнете со антибиотици [31,42,70,71].

5. Започнете антибиотски третман само доколку има докази за бактериска инфекција, и не третирајте колонизација [31,72].

6. Избегнувајте непотребна антибиотска профилакса [31,73].

7. Кај пациенти со тешки инфекции, започнете ефективен антибиотски третман што е можно поскоро [31,74].

8. Документирајте ја индикацијата за антибиотска терапија, изборот на лек, дозата, начинот на аплицирање и времетраењето на третманот во медицинското досие на пациентот [31,42,70,71].

9. Редовно учествувајте на обуки и состаноци што во болницата ја поддржуваат имплементацијата на: а) рационална употреба на антибиотици, б) локални упатства за антибиотици засновани на докази и в) мерки за превенција и контрола на инфекции [52,53].

10. Одговорете на следните клучни прашања при повторната проценка на антибиотската терапија по 48-72 часа (или штом ќе бидат достапни микробиолошките резултати) [42,70]:

Дали пациентот има инфекција на која ќе делуваат антибиотиците? Ако да:

i. Дали на пациентот му е препишан соодветен антибиотик(ци), со соодветна доза и соодветен начин на аплицирање?

ii. Дали може да се употреби антибиотик со потесен спектар за лекување на инфекцијата?

iii. Колку долго треба пациентот да прима антибиотик(ци)?